**ЗАПИСНИК**
**од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.05.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни**: Омер Џафери од МИА и двајца претставници од ТВ МТМ Скопје.

Г-дин Петрушевски ја отвори 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н    Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.04.2022 година.
2. Предлог за донесување на одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот СКУПИ КАБЛЕ од Скопје, за прекршување на член 141 од ЗАВМУ.
4. Информација во врска со доставено Барање од Здружението на регионални и локални ТВ станици – Медиум Објектив, со предлог заклучок.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.04.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година. Објасни дека со Финансискиот план и Планот за јавни набавки за 2022-ра година предвидена е јавна набавка за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ, софтвер што го има добиено Агенцијата со донација од ЕУ. Но, на јавниот повик се јави само една компанија која понуди повисока цена за 23.000,00 денари со ДДВ од предвидената. Со оглед на тоа што сумата за одржување е доста повисока и изнесува 10% од набавената вредност на софтверот, сега има две опции или да се поништи јавната набавка и постапката да се повтори или да се зголеми Финансискиот план за 19.000,00 денари за да се склучи договор со компанијата која што е сериозна и една од најреномираните во нашата држава во областа на електронските комуникации. Одлагањето на склучување договор за оваа јавна набавка може да го доведе во прашање функционирањето на системот за мониторирање и затоа се предлага да се измени Финансискиот план и да се овозможи потпишување на договор за одржување на софтверот.

Г-дин Петрушевски наведе дека разликата во средствата од 19.000,00 денари е премногу мала во однос на вкупната вредност на набавката, скоро е незначителна. Од таа причина смета дека нема потреба да се поништи набавката и дека може предлогот да се прифати. Како што рече, поголеми се трошоците да се спроведе нова постапка и притоа штом се јавила на огласот само една компанија очигледно е дека нема многу фирми што се чувствуваат компетентни ова да го работат.

Г-дин Трајчев постави прашање до службите или евентуално до г-дин Петрушевски поради тоа што е упатен во оваа област, дали согласно Законот може Советот да донесе ваква одлука?

Г-дин Петрушевски рече дека сѐ е според Закон. Има некоја морална логика да се дозволи 10% зголемување, но оваа сума е далеку од тоа, разликата може да се смета во промили.

Г-дин Фиданоски рече заради прецизирање во Записникот треба да се наведе дека не се зголемува Финансискиот план, туку сумата за јавната набавка. И второ затоа што во образложението беше кажано дека зголемувањето е за 19.000,00 денари треба да се прецизира дека е за 23.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Г-дин Петрушевски дообјасни дека обично во јавните набавки износот се користи без ДДВ и потоа на крајот се додава ДДВ на сумата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година, бр.05-1444/1 од 31.03.2022 година.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2022 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 133.754.238,00 денари.

Со измените ќе се дообезбедат средства во износ од 23.000,00 денари и истите ќе бидат наменети за зголемување на средствата за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа).

Со предложениот ребаланс ќе се изврши измена на следните позиции:

- Групната ставка 418 – Останати други расходи ќе се намали за 23.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 5.276.000,00 денари ќе изнесува 5.253.000,00 денари и
- Позицијата 418800 – Други расходи ќе се намали за 23.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 5.276.000,00 денари ќе изнесува 5.253.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга - ревизорски услуги за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор во понизок износ од планираниот.
- Групната ставка 402 – Инвестиционо одржување на средствата ќе се зголеми за 23.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 12.509.000,00 денари ќе изнесува 12.532.000,00 денари и
- Позицијата 402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер ќе се зголеми за 23.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 8.327.000,00 денари ќе изнесува 8.350.000,00 денари. Средствата кои се дообезбедуваат од 23.000,00 денари, се однесуваат за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот СКУПИ КАБЛЕ од Скопје, за прекршување на член 141 од ЗАВМУ. Објасни дека станува збор за редовен програмски надзор спроведен на 5 мај оваа година. Со надзорот се констатира дека операторот Скупи Кабле реемитува еден програмски сервис кој што не е регистриран во Агенцијата. Согласно Законот предлогот е да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи веднаш откако ќе го прими решението да го исклучи програмскиот сервис.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1894/1 од 05.05.2022 година и едногласно заклучи на Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Арачиново и Скопје, на 05.05.2022 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „IN TV“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со доставено Барање од Здружението на регионални и локални ТВ станици – Медиум Објектив, со предлог заклучок. Објасни дека ова барање е доставено и до Советот. Наведе дека заедно со службата е направен еден текст како предлог информација, кој е отворен за надополнување, кратење, измена или нови предлози. Познато е дека медиумите посебно локалните и регионалните се во многу тешка финансиска состојба, која што истата дополнително се влоши со Ковид пандемијата, а и последната година со енергетската криза, со војната во Украина и се наоѓаат во незавидна положба. Со самиот почеток на Ковид кризата 2020 година, за двете претходни години 2019 и 2020 година АВМУ им ги врати во целост средствата што ги уплатија на сметката на Агенцијата за надоместокот за дозволата за телевизиско и радио емитување, не само на регионалните и локалните туку и на медиумите на национално ниво. Минатата година тој надоместок Владата го префрли на сметката на Агенцијата и АВМУ формално-правно ги ослободи од плаќање на годишниот надоместок за 2021 година. За 2022 година Советот во рамките на финансиските можност на Агенцијата донесе заклучок во месец ноември 2021, а потоа со усвојување на Финансискиот план за 2022 година во декември 2021 и одлука за донација со која што ги ослободи од 50% плаќање на надоместокот сите медиуми во Македонија, вклучително и 50% од ДДВ кое што го уплаќаат на сметка на Агенцијата а потоа АВМУ го уплаќа на УЈП. Во периодот кога Советот ја носеше оваа Одлука, се разговараше на оваа тема и имаше и комуникација со Владата на Република Македонија и од Владата постоеја позитивни сигнали дека останатите 50% ќе бидат надополнети од страна на Владата. Медиумите се запознаени за ова, но во меѓувреме се случија Локалните избори, промена во Владата и комуникацијата после тоа е со послаб интензитет, но не значи дека состојбата кај медиумите се подобрила. Со оглед на тоа дека се во тешка економска состојба, пред две недели започнаа и со прекин на програмата со цел да го привлечат вниманието на јавноста а имајќи го предвид значењето на локалните и регионалните медиуми за локалните заедници, смета дека е принципиелно да се поддржи ова барање и Владата доколку има финансиски средства, сепак Агенцијата и Советот не може да кажат дали има или нема, Владата најдобро знае со какви финансиски средства располага, да им излезе во пресрет, дури и со можноста ако не можат со 50%, барем дел од тоа да им го покрие. Повеќе години station наназад се дискутира за формирање на Фонд за медиуми со кој ќе се финансираат одредени програмски содржини кои што ќе се емитуваат на регионалните, локалните и националните медиуми. Досега Агенцијата неформално била вклучена во овие активности, но смета дека и ова може да се поддржи, да отпочне јавна дебата во насока да се види дали може и колку може да се обезбедат средства за

функционирање на тој Фонд за медиуми со кој што секако многу би им се помогнало на сите медиуми не само на локалните и регионалните.

Г-дин Петрушевски објасни дека членовите на Советот го слушнаа образложението на директорот, го имаат и дописот од Здружението на регионални и локални ТВ станици – Медиум Објектив и има предлог од директорот да се поддржат три барања кои претставуваат поголем дел од барањата што се упатени.

Г-дин Ајдини рече дека по излагањето на директорот не би сакал да се повторува со неговата дискусија. Целосно ја разбира положбата, проблемите и барањата на локалните и регионалните ТВ станици. Советот и Агенцијата во оваа насока делот го сработиле и не знае што би можеле во овој момент повеќе да направат освен да ги поддржат наведените барања за да можат локалните и регионалните ТВ станици да продолжат да функционираат нормално.

Г-дин Трајчевски објасни дека кога Агенцијата донесе Одлука да ги ослободи со 50% во форма на донација, Агенцијата направи анализа и тоа е сумата со која што нема да се доведе во опасност функционирањето на работата на Агенцијата. Да имаше регулаторот како институција повеќе финансиски средства ќе имаше можност да се додели и повисока донација. Но, тоа е сумата која што за оваа година формално и реално може да ја издвои АВМУ. После објавување на резултатите од Пописот на населението, бидејќи формулата за пресметка на надоместокот се базира на БДП (Бруто-домашен производ), со објавување на резултатите од пописот фактурите што се издаваат после 31 март се намалени, така што Агенцијата се доведува во ситуација дека можеби оваа година е на граница да заврши со негативен финансиски резултат. Посочи дека Агенцијата во оваа година нема повеќе можност дополнително да помогне, ова што се донира до медиумите е максимумот што можеше да се даде. Да имаше можност, помошта ќе беше и поголема како што беше и претходните години.

Г-дин Петрушевски рече како што разбрал и како што се сеќава во 2019 и 2020 година АВМУ на медиумите им помогна со 100%. Во 2021 година имаше соработка со Владата и им се додели заедничка помош. Во оваа 2022 година и Агенцијата има проблеми и од таа причина беше принудена да оди со 50% во форма на донација. Сепак три и пол години континуирано колку може им помага на медиумите со заштедени средства на институцијата, не се кредити туку средства што Агенцијата ги заштедила со домаќинско работење кои отидоа на вистинското место кај медиумите, затоа што Агенцијата постои поради медиумите. Ова е добро што Советот планира да го донесе, ќе биде како морална поддршка. Дали Владата ќе биде во можност тоа да го реализира ќе се види во наредниот период. Фондот за медиуми е многу убав предлог, тој требаше и одамна да се реализира. Има многу забелешки дали тоа ќе биде на некој начин купување поддршка на медиумите, но нема да биде ако тие пари ги доделуваат независни тела кои нема да имаат никаква врска со власта или со политичките партии. Ова е добро посебно за локалните и регионалните медиуми кои што се многу битни а имаат многу мали приходи.

Г-дин Фиданоски рече дека на почетокот ќе даде принципиелна поддршка на барањето од Здружението на регионални и локални ТВ станици – Медиум Објектив. Смета дека во ситуацијата во која се наоѓаат особено откако почна Ковид пандемијата, сега мултиплицирано како што кажал г-дин Трајчевски со економската криза предизвикана од војната во Украина која е во глобални рамки, дополнително им ја усложнува и така тешката ситуација во која што се наоѓаат. Советот многу пати

дискутирал и секогаш се држел до ставот дека како регулаторно тело освен што го спроведува Законот има обврска да создава што е можно поповолен амбиент за работата на медиумите. Со 100% ослободување во 2019 и 2020 година од средства на Агенцијата и со како што беше споменато претходно, соработката што се направи минатата година со Владата, покажаа пример како може да се овозможи поповолен амбиент за нивната работа. Оваа година е со 50%, се согласува и тој е максимумот што може да си го дозволи, да беа средствата поголеми што Агенцијата ги добива од Буџетот како средства што треба да му припаднат на регулаторот, можеби ќе имаше можност за поголем процент донација за надоместокот за дозволите што го плаќаат радиодифузерите. Но, 50% добиваат од старт, и рече дека искрено ги охрабрува радиодифузерите да продолжат и да ја интензивираат дискусијата со извршната власт во насока на убедување што е можно поскоро да добијат и поголем процент, а ако е можно и 100% ослободување од оваа такса. Верува дека веќе од следната година 2023-та нема да бидат во ситуација повторно да бараат донации, дека ќе можат да функционираат на начин кој ќе им овозможи порентабилно работење. Во врска со Фондот за медиуми, рече дека принципиелно секогаш давал поддршка за негово функционирање. Има модели во светот кои што функционираат и кој што можат да обезбедат објективно, реално и пред сѐ наменска распределба на средствата за медиумите, кои што ќе им помогнат или стимулираат за да создаваат поквалитетна програмска содржина или истражувачки стории кои што се неопходни за степенот на демократичност за секое општество. На крајот се изјасни дека ги прифаќа заклучоците што се предложени од страна на Агенцијата, но дека ќе понуди една сугестија за последниот дел од заклучокот во вид на дополнување, доколку се согласат членовите на Советот, со што текстот би бил поквалитетен. Предложи да се додадат зборовите *„и истражувачки приказни“* и третиот дел од заклучокот би гласел: Агенцијата да даде поддршка да се започне со јавна дебата во врска со барањето за „формирање Фонд за медиуми со кој би се субвенционирале програмски содржини ***и истражувачки приказни*** од регионална и локална тематика, заради развој на програмската понуда и стимулирање на демократскиот плурализам во општеството“. Ова дополнување го искажува затоа што смета дека истражувачките стории кои што во ова општество недостасуваат, треба да се поприсутни и на тој начин се отвораат сите проблеми, прашања, теми кои што се од јавен интерес и ќе помогнат во нивно разрешување. Генерално дава поддршка.

Г-дин Петрушевски во врска со дополнувањето предложено од г-дин Фидановски рече дека за него лично е прифатлива малата корекција и би се согласил да се вгради во конечниот предлог.

Советот на Агенцијата, имајќи ја предвид тешката економска и финансиска состојба на регионалните и локални ТВ станици предизвикана од пандемијата со Ковид-19 вирусот, со корекцијата од г-дин Фидановски едногласно донесе заклучок Агенцијата да даде поддршка на следните барања на Здружението на регионални и локални ТВ станици – Медиум Објектив:

- доколку Владата е во можност да обезбеди дополнителна финансиска помош за покривање на трошоците за надоместокот за дозволата за емитување за 2022 година во висина од 50%;
- исто така, доколку е во можност да обезбеди покривање на трошоците за пренос на регионалните телевизии кои емитуваат програма преку DVB-T, како и

покривање на трошоците на сите телевизии кои емитуваат преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и за тоа плаќаат надоместок, и

- Агенцијата да даде поддршка да се започне со јавна дебата во врска со барањето за „формирање Фонд за медиуми со кој би се субвенционирале програмски содржини и истражувачки приказни од регионална и локална тематика, заради развој на програмската понуда и стимулирање на демократскиот плурализам во општеството“.

Г-дин Петрушевски по гласањето изрази надеж дека ова можеби ќе вроди со позитивен резултат кој ќе биде во интерес на сите.

Г-дин Трајчевски рече дека во дискусијата се спомнуваат регионалните и локални ТВ станици но не се спомнуваат националните бидејќи тие не се обратија до Агенцијата. Во принцип поддршката би била за сите медиуми. Но бидејќи Агенцијата има конкретно барање од регионални и локални ТВ станици, Советот одговара сега на нивното барање. Инаку ова во принцип би се однесувало и за националните телевизии.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.**02-1904/5

16.05 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**